АјДи Дизајн 2012/ДООЕЛ Скопје
Македонско медицинско електронско списание
Волумен 2015; Статија ИД 50002, 4 страници
http://dx.doi.org/10.3889/mmej.2015.50002
eISSN: 1857-9809
***Ревиски труд***

# Аферата и измамата на Ендрју Џереми Вакефилд (Andrew Jeremy Wakefield) за аутизам

Славица Христоманова Митковска*, Мирко Спироски

*Институт за имунобиологија и хумана генетика, Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“-Скопје, Скопје, Република Македонија*

**Цитирање:** Христоманова Митковска С, Спироски М. Аферата и измамата на Ендрју Џереми Вакефилд (Andrew Jeremy Wakefield) за аутизам. Макед Мед Електр С. 2015 Мар 25; 2015; 50002:4. http://dx.doi.org/10.3889/mmej.2015.50002

**Клучни зборови:** аутизам; афера; измама; Ендрју Џереми Вакефилд.

***Кореспонденција:** Асист. д-р Славица Христоманова Митковска. Институт за имунобиологија и хумана генетика, Медицински факултет, „Св. Кирил и Методиј“- Скопје. Адреса: 50. Дивизија бр. 16, 1109 Скопје. E-mail: cacka_h@yahoo.com

**Примено:** 04-Феб-2015; **Ревидирано** 21-Фев-2015; **Прифатено:** 14-мар-2015; **Објавено:** 28-Мар-2015

**Печатарски права:** © 2015 Славица Христоманова Митковска, Мирко Спироски. Оваа статија е со отворен пристап дистрибуирана под условите на Нелокализирана лиценца (CC BY 3.0), која овозможува неограничена употреба, дистрибуција и репродукција на било кој медиум, доколку се цитираат оригиналниот(ите) автор(и) и изворот.

**Конкурентски интереси:** Авторот изјавува дека нема конкурентски интереси.

**Извадок**

Andrew Jeremy Wakefield е поранешен истражувач познат по научно истражувачкиот труд објавен во 1998 година во кој тврдеше дека постои поврзаност помеѓу комбинираната вакцина за мали сипаници, заушки и рубеола и појавата на аутизмот и заболувања на цревата. Објавениот труд беше контраверзен и доведе до широк публицитет во Велика Британија. Четири години по објавувањето на трудот, други истражувачи не успеале да ги повторат наодите на Wakefield и да ја потврдат неговата хипотеза.

Во 2004 весникот Sunday Times и новинарот Brian Deer спровеле истрага за истражувањето, а во 2010 година петчлениот суд на Главниот медицински совет утврдил дека сомненијата за измама се основани, вклучувајќи четири дела за нечесност и дванаесет дела кои се однесуваат за злоупотреба на деца со пречки во развојот.

Во текот на наредните години на овие првични обвиненија биле додадени и нови. Истражувањата насочени кон докажување на измамата продолжуваат и понатаму и се откриваат нови докази против Wakefield.

# Affair and Fraud of Andrew Jeremy Wakefield for Autism

Slavica Hristomanova Mitkovska*, Mirko Spiroski

*Institute of Immunobiology and Human Genetics, Faculty of Medicine, Ss Cyril and Methodius University of Skopje, Skopje, Republic of Macedonia*

**Citation:** Hristomanova Mitkovska S, Spiroski M. [Affair and Fraud of Andrew Jeremy Wakefield for Autism]. Maced Med Electr J. 2015 Map 25; 2015;50002:4. [Macedonian} http://dx.doi.org/10.3889/mmej.2015.50002

**Key words:** autism; affair; fraud; Andrew Jeremy Wakefield.

***Correspondence:** Assist. Dr. Slavica Hristomanova Mitkovska. Institute of Immunobiology and Human Genetics, Medical Faculty, St. Cyril and Methodius University of Skopje, Skopje, Republic of Macedonia. E-mail: cacka_h@yahoo.com

**Received:** 04-Feb-2015; **Revised:** 21-Feb-2015; **Accepted:** 14-Mar-2015; **Published:** 28-Mar-2015

**Copyright:** © 2015 Slavica Hristomanova Mitkovska, Mirko Spiroski. This is an open-access article distributed under the terms of the Creative Commons Attribution License, which permits unrestricted use, distribution, and reproduction in any medium, provided the original author and source are credited.

**Competing Interests:** The author have declared that no competing interests exist.

**Abstract**

Andrew Jeremy Wakefield is a former researcher known for his scientific research paper published in 1998 in which he claimed that there is an association between the combined vaccine for measles, mumps and rubella and the occurrence of autism and bowel disease. The published paper was controversial and led to huge publicity in the UK. Four years after the publication of the paper, other researchers have failed to replicate the findings of Wakefield and confirm his hypothesis.

In 2004 the newspaper Sunday Times and the journalist Brian Deer investigated his work, and in 2010, the five-member Court of the Chief Medical Council found that the suspicions for fraud are grounded, including four cases of dishonesty and twelve cases concerning abuse of children with disabilities in the development.

During the following years new charges were added to these initial charges. Researches aimed at proving fraud is still ongoing and still revealing new evidences against Wakefield.

## Вовед

Andrew Jeremy Wakefield е поранешен британски хирург и истражувач. Познат е по неговата измама со научно истражувачкиот труд објавен во 1998 година, во кој тврдеше дека постои асоцијација помеѓу комбинираната вакцина за мали сипаници, заушки и рубеола и појавата на аутизмот и заболувања на цревата [1].

На 28 февруари 1998 година во The Lancet е објавено научно истражување напишано од Wakefield и дванаесет други автори кое се однесува на дванаесет деца со аутизам [2]. Во него, авторите тврдат дека идентификувале нов синдром кој тие го нарекуваат аутистичен ентероколит, потенцирајќи ја можноста за постоење на асоцијација помеѓу новата форма на заболување на цревата, аутизамот и тројната вакцина за мали сипаници, заушки и рубеола. Во наодите од истражувањето авторите напоменуваат дека родителите на осум од дванаесетте деца ги поврзуваат она што се нарекува “симптоми на однесување” со вакцината, а во резултатите од студијата објавено е дека почетокот на овие симптоми е во рок од две недели по вакцинацијата за мали сипаници, заушки и рубеола [2]. Во објавениот текст во делот за толкување на резултатите авторите напишале: “Идентификувавме асоцијација помеѓу гастроинтестинални заболувања и заостанување во развојот во група на претходно нормални деца, што е поврзано со можни предизвикувачи од околината” [2]. Како можни предизвикувачи во осум случаи е пријавена вакцината за мали сипаници, заушки и рубеола како и за мали сипаници во еден случај.

Објавениот труд веднаш стана контраверзен што доведе до широк публицитет во Велика Британија и предизвика составување на специјална комисија на Медицинскиот истражувачки совет на Велика Британија уште следниот месец [3]. По ова истражување во Јапонија се направи студија која не покажа дека постои врска помеѓу тројната вакцина и деца со аутизам како и кај деца кој примиле поединечни вакцини [4]. Иако во трудот се вели дека сеуште не е докажана причинско-последична врска уште пред да се објави трудот Wakefield изјави на прес конфереција и објави видео порака во која повикува за суспензија на тројната вакцина се додека не се направат повеќе истражувања [5]. Конференцијата подоцна беше критикувана како “наука од страна на прес конференција” [6]. Според BBC стравот кон вакцината е поттикнат од прес конференцијата многу повеќе отколку од објавениот труд [7]. Wakefield на новинарите им изјавил дека ова е “морално прашање” и дека не треба да се подржи континуираната употреба на тројната вакцина за мали сипаници, заушки и рубеола, а итно се потребни натамошни испитувања за да се утврди дали вакцината е одговорна за оваа компликација [7]. Тој изјавил: “Ако се дадат три вируса заедно, три живи вируси, тогаш потенцијално се зголемува ризикот од појава на несакани ефекти, особено кога еден од тие вируси влијае на имунолошкиот систем на начин на кој тоа го прави вирусот на мали сипаници” [5]. Тој посочи дека родителите треба се да одлучат за поединечни вакцини за мали сипаници, заушки и рубеола разделени со празнини од една година.

Во декември 2001 година Wakefield поднесе оставка од Royal Free Hospital велејќи дека е тоа побарано од него поради тоа што резултатите од истражувањата се непопуларни [8], но медицинското училиште изјавило дека го напуштил работното место со “ меѓусебен договор”. По ова Wakefield продолжи да спроведува клинички истражувања во САД, а се приклучи на контраверзниот американски истражувач Jeffrey Bradstreet во International Child Development Resource Center за да продолжи да спроведува студди за можната врска меѓу тројната вакцина и аутизмот [9]. Од 2004 до 2010 година тој работел во Thoughtful House research center во Austin, Texas но поради наодите против него од страна на Генералниот Медицински Совет на Велика Британија дал отказ и од таму [10, 11].

Четири години по објавувањето на трудот, други истражувачи не успеале да ги повторат (репродуцираат) наодите на Wakefield и не успеале да ја потврдат неговата хипотеза за врската на вакцината со аутизамот и гастроинтестиналните нарушувања [12]. Во 2004 година весникот Sunday Times и новинарот Brian Deer спровеле истрага за истражувањето и откриле финансиски конфликт на интерес [13], а по објавувањето на новинарскиот натпис најголем дел од ко-авторите ја повлекле подршката за учеството и толкувањата на студијата. По ова Британскиот генерален медицински совет спровел истрага на основа на тврдењата за недолично однесување против Wakefield и двајца поранешни колеги [14]. Истрагата се базирала во најголем дел на откритијата на новинарот, вклучувајќи ги и оние дека децата со аутизам биле изложени на непотребни инвазивни медицински процедури [15], како што се колоноскопија и лумбална пункција, а при тоа Wakefield го немал ни потребното етичко одобрение од Одборот за ревизија.

На 28 јануари, 2010 година петчлениот Суд на Главниот медицински совет утврдил дека сомненијата за измама се основани, вклучувајќи четири дела за нечесност и дванаесет дела кои се однесуваат за злоупотреба на деца со пречки во развојот [16]. Советот одлучил дека “Wakefield не постапил во согласност со своите должности како

одговорен консултант, постапил против интересите на своите пациенти” и “нечесно и неодговорно” со објавување на истражувањето [17-19]. Весникот Lancet целосно го повлече објавениот труд во 1998 година на основа на наодите од генералниот медицински совет истакнувајќи при тоа дека елементи од ракописот биле фалсификувани [20]. Во мај 2010 година Wakefield беше избришан од регистарот на доктори со изјавата од Lancet за нечесно фалсификување на истражувањето [21] и забранетo му е да работи како доктор во Велика Британија [22].

Во јануари 2011 година, уредниците ја подржаа статијата од Brian Deer и во British Medical Journal ја идентификуваа работата на Wakefield како “измама” [1, 4-6]. Во последователна статија [23] Brian Deer изјави дека Wakefield планирал да рашири страв кон тројната вакцина и да профитира од новите медицински тестови [24]. Истражувањето на Wakefield и јавните препораки против употребата на комбинирана вакцина за мали сипаници, заушки и рубеола се поврзани со наглиот пад на вакцинација во Обединетото Кралство и соодветен пораст на случаите на заразени со мали сипаници, што резултира со појава на сериозна болест и жртви [25-27]. Wakefield се уште продолжува да ги брани своите истражувања и заклучоци, истакнувајќи дека нема измама, профит или мотив за измама [28, 29].

Покрај обвиненијата за финансиски конфликт на интереси Wakefield бил обвинет за:

1. Ширење на страв за тоа дека вакцината за мали сипаници, заушки и рубеола може да доведе до појава на аутизам иако знаел дека според тестовите кои ги извршил во неговата лабораторија добил резултати драматично спротивни на неговите тврдења и вирусот на малите симпаници не бил пронајден во децата кои тој ги проучувал и тој знаел или дека би требало да знае дека не постои апсолутно никаква основа за неговото верување дека тројната вакцина треба да се подели на поединечна

2. Во ширењето на таквиот страв постапил нечесно и имал финансиски мотиви за тоа, а не успеал да одговори на обвиненијата дека планирал конкурентна вакцина и производи (како што е дијагностички комплет врз основа на неговата теорија) од што дополнително би заработил.

3. Обвинет е за малтретирање на децата додека биле под негова заштита и за несовесно вршење на опширни инвазивни процедури (кои во одредени прилики барале три лица да го држат детето мирно), а со тоа предизвикувал загриженост и незадоволство кај медицинскиот персонал и колегите.

4. Неправилно и/или нечесно не им открил на своите колеги и пошироката јавност дека уште пред да ги започне своите истражувања на деца со аутизам имал договор со адвокати кои се обидувале да ги тужат производителите на тројната вакцина.

5. Неправилно и/или нечесно го искористил својот углед на International Child Development Resource Centre кој промовирал скапи производи на група ранливи родители за чија ефикасност (како што знаел или требало да знае) немал научни докази.

Во текот на наредните години на овие првични обвиненија биле додадени и нови односно обвинет е и за немање на одобрение од Етичкиот комитет за истражувањето врз овие деца [30], дека поради процедурите едното дете добило компликации кои биле живото загрозувачки [31], па дури и дека земал крв од децата кои биле на роденден кај неговиот син и притоа им давал пари за секоја епрувета [30]. Истражувањата насочени кон докажување на измамата продолжуваат и понатаму и се откриваат нови докази против Wakefield.

## Благодарност

Објавувањето на оваа статија е обезбедено од Школа за докторски студии при Уноивезитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје, Република Македонија.

## Литература


1. Godlee F, Smith J, Marcovitch H. Wakefield's article linking MMR vaccine and autism was fraudulent. BMJ. 2011; 342: c7452.
2. Great Science Frauds. TIME Magazine. Jan 13, 2012.
3. Wakefield AJ, Murch SH, Anthony A et al. Ileal-lymphoid-nodular hyperplasia, non-specific colitis, and pervasive developmental disorder in children. Lancet. 1998; 351 (9103): 637–41. (Retracted)
4. Deer B. Wakefield misled top UK medical research hearing over where he got MMR children (MRC documents). (1998-03-23). briandeer.com.
5. Honda H, Shimizu Y, Rutter M. No effect of MMR withdrawal on the incidence of autism: a total population study. J Child Psychol Psychiatry. 2005; 46 (6): 572–9.
6. Deer B. Interview: Dr Andrew Wakefield, research team leader, Royal Free Hospital School of Medicine. (1998-02-04). briandeer.com.
7. Moore A. Bad science in the headlines: Who takes responsibility when science is distorted in the mass media? EMBO reports. 2006; 7 (12): 1193–1196.
8. Langdon-Down G. Law: A shot in the dark: The complications from vaccine damage seem to multiply in the courtroom (Reprint). The Independent (Brian Deer) (1996-11-27): p. 25.

9. Wakefield A. Why I owe it to parents to question triple vaccine. Sunday Herald. (2002-02-10).

10. Dominus S. The Crash and Burn of an Autism Guru. New York Times Magazine. (20 April 2011).

11. Harlow J. MMR row doctor Andrew Wakefield spreads fear to US. The Times (London). (2008-09-28).

12. Black C, Kaye JA, Jick H. Relation of childhood gastrointestinal disorders to autism: nested case-control study using data from the UK General Practice Research Database. BMJ. 2002; 325 (7361): 419–21.

13. Deer B. Revealed: MMR research scandal. The Sunday Times (London). (2004-02-22).

14. McKee M. Controversial MMR and autism study retracted. New Scientist. (2004-03-04).Archived from the original on 13 August 2007.

15. MMR doctor 'to face GMC charges'. BBC News. 2006-06-12. Archived from the original on 2 September 2007.

16. Ferriman A. MP raises new allegations against Andrew Wakefield. BMJ. 2004; 328 (7442):726.

17. Deer B. General Medical Council, Fitness to Practise Panel Hearing, 28 January 2010, Andrew Wakefield, John Walker-Smith & Simon Murch (PDF). briandeer.com.

18. MMR-row doctor failed in his duties. Yorkshire Evening Post. 2010-01-28. Archived from the original on 30 January 2010.

19. Triggle N. MMR scare doctor 'acted unethically', panel finds. BBC News. (2010-01-28).

20. Boseley S. Andrew Wakefield found 'irresponsible' by GMC over MMR vaccine scare. London: The Guardian. (2010-01-28).

21. The Editors of the Lancet. Retraction—Ileal-lymphoid-nodular hyperplasia, non-specific colitis, and pervasive developmental disorder in children. The Lancet 2010;375 (9713): 445.

22. General Medical Council, Fitness to Practise Panel Hearing. Andrew Wakefield, Determination of Serious Professional Misconduct (PDF). General Medical Council. 24 May 2010.

23. Rose D. Lancet journal retracts Andrew Wakefield MMR scare paper. Times Online (London). Archived from the original on 2010-02-03.

24. Deer B. How the vaccine crisis was meant to make money. BMJ. 2011; 342: c5258.

25. Vaccine study's author held related patent, medical journal reports. CNN. 2011-01-11.

26. Poland GA, Jacobson RM. The Age-Old Struggle against the Antivaccinationists. N Engl J Med. 2011; 364 (2): 97–9.

27. Deer B. Hidden records show MMR truth. Sunday Times (London). (2009-02-19).

28. Study linking vaccines to autism is 'fraudulent'.Time. 2011-01-06. Archived from the original on 13 January 2011.

29. Statement from Dr. Andrew Wakefield: No Fraud. No Hoax. No Profit Motive. (Press release). PRNewswire. 2011-01-13.

30. Demicheli V, Rivetti A, Debalini MG, Di Pietrantonj C. Vaccines for measles, mumps and rubella in children. Cochrane Database Syst Rev. 2012; 2: CD004407.

31. Dyer C. Andrew Wakefield drops libel case against Channel 4. BMJ. 2007; 334 (7584): 60.